Врз основа на член 74 став 2 од Закон за енергетика (Сл. весник на РМ бр.96/2018), член 35-а од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (Сл.весник на РМ бр.206/2018), член 18 од Деловникот за работа на Надзорниот одбор на Друштвото, по однос на точка 4 од дневниот ред "Именување на Службеник за усогласеност согласно член 74 став 2 од Законот за енергетика" на својот 3-ти состанок одржан на 13.12.2018 година, Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја донесе следната

**ОДЛУКА**

1. Надзорниот одбор на АД МЕПСО-Скопје констатира дека на конкурсот бр.02-8935 од 28.11.2018 година, објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" , пристигната е пријава од 1 (едно) лице, Александар Чеботарев.

2. Се констатира дека кандидатотод точка 1 на оваа Одлука ги исполнува бараните услови кои се наведени во конкурсот,а се во согласност со Статутот на Друштвото (Сл. весник на РМ бр. 206/2018).

3. Надзорниот одбор на АД МЕПСО-Скопје го именува Александар Чеботарев за Службеник за усогласеност во Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје.

4. Одлуката е донесена едногласно од страна на сите присутни членови на Надзорниот одбор.

5. Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето, а ќе произведе правно дејство по добиеното одобрување на истата од страна на Регулаторна комисија за енергетика

НО бр. 02-9300/4
13.12.2018 година

Претседател на Надзорен Одбор
м-р Ева Шуклева

Членови на Надзорен одбор на АД МЕПСО

проф.д-р Снежана Чундева ____________

проф.д-р Николче Ацевски ____________

проф.д-р Даме Коруновски ____________

Назиф Буши ____________

Мусли Муслиу ____________

Дарко Тасев ____________

ДН: - Сите членови на УО
- Оддел за правни работи
- Архива